НДЕРМАРЈА PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-1288/7
Дата, Data 04-04-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.167/2015, 27/2016 и 120/2018 и Службен весник на РСМ 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) Директорот на ЈП Водовод и канализација-Скопје донесува

# О Д Л У К А

за невршење на избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен службеник

1.НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидат за работното место **1.Советник за финансиска оператива, во Одделение Благајна, во Сектор Наплата, со шифра КДР0102В01032, ниво В01, 1 (еден извршител).**

2.Оваа Одлука ќе се објави на интернет страницата на ЈП Водовод и канализација-Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 26.03.2025 година на веб страницата на ЈП Водовод и канализација-Скопје и веб страницата на Агенција за администрација, објавен е интерен оглас бр.02/2025 за пополнување на работното место Советник за финансиска оператива, во Одделение Благајна, во Сектор Наплата, со шифра КДР0102В01032, ниво В01, 1 (еден извршител) извршител со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0401-1288/5 од 02.04.2025 година, по спроведена административна селекција и разгледување на пријавата и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати констатира дека на огласот вкупно се пријавени 1 (еден) кандидат од кои 1 (еден) кандидат со неуредна документација и за тоа состави записник од административна селекција бр.0401-1288/6 од 03.04.2025 година кој го достави до Директорот. Неуредноста на кандидатот се однесува на тоа што **кандидатот не го исполнува условот да има минимум 3 години работен стаж од датумот на дипломирањето. Датум на дипломирање-26.09.2022 година.**

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на ЈП Водовод и канализација-Скопје.

ЈП Водовод и канализација-Скопје
Директор
М-р Тони Миновски

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Пријавениот кандидат
- Сектор за човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива

НДЕРМАРЈА ПУБЛИКЕ * UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI * ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
СКОПЈЕ
SHKUP